Свет полн со живот

Светот на

embryolab®
Next Gen IVF

# Еден плоден
# свет

**Embryolab, Клиниката за ИВФ** функционира од 2004 во Солун и нуди комплетни и современи услуги за асистирана репродукција.

## Нашите предности,

- **најсовремена ИВФ лабораторија,** опремена со врвна технологија, технологија timelapse и вештачка интелигенција (AI) кои ја обезбедуваат најдобрата можна средина за раст и развој на скапоцените ембриони и највисоки проценти на успех во третманите што ги нудиме.
- **специјализиран клинички пристап** со научно докажани и безбедни терапии за вонтелесно оплодување и криопрезервација на јајце клетки.
- **нашиот тим:** 102 истакнати научни експерти од областа на асистираната репродукција и специјализирани соработници, ја покриваат целата сфера на знаења за најефикасно лекување на стерилитетот.

**Со почит кон сонот на луѓето** кои сакаат да станат родители, **нудиме целосно решение за оплодување,** професионалност, стручност, долгогодишно искуство и постојана грижа!



Алексија Хаџипарасиду MSc, PMI-RMP, Консултант Клинички Сениор Ембриолог, еден од основачите на Embryolab, Основач и Директор на Embryolab Academy

,,20 години создавање! Нашето срце чука во нашата ИВФ лабораторија! Таму, каде што секојдневно се случуваат мали чуда. Повеќе од 12.000 деца тука го започнале своето патување пред да пристигнат во прегратките на своите родители! Таа е „лабораторија за вонтелесно оплодување на следната генерација" и само со посветеност се бориме да обезбедиме плоден рај за секој ембрион! Во Embryolab, ѝ веруваме на науката, ја прегрнуваме технологијата и применуваме иновативни техники за да обезбедиме најдобра можна грижа и поддршка на секоја жена, секој пар што има доверба во нас. За да ја постигнеме нашата цел, за да ги оствариме соништата!"



Д-р Никос К. Христофоридис MD, MSc, FRCOG, Специјалист Гинеколог Акушер- Хирург, еден од основачите и Клинички Директор на Embryolab

„Во Embryolab, славиме 20 години посветеност, придонес во науката и грижа за неплодноста. Благодарни сме за илјадници бебиња што се родија и за семејствата што се создадоа со нашата посветеност и извонредна професионалност. Искрено благодариме на сите кои ни верувaa во текот на ова патување, како и на прекрасните членови на тимот, кои го направија сето ова возможно. Заедно, продолжуваме да ги реализираме соништата на сите оние кои сакаат да создадат свое семејство, со целосна поддршка на правото за репродуктивна слобода и различност.

Свет полн со живот. **Светот на Embryolab!**

# Еден свет што **еволуира**

## Научна иновативност

**2004** – Основање на Embryolab

**2005** – Раѓање на нашето прво дете

**2006** – Прв циклус со донација на јајце клетки

**2007** – Прв циклус со Преимплантационо Генетско дијагностицирање; Сертификација ISO 9001

**2008** – Витрификација на ембриони: Прва ИВФ Клиника во Грција

**2009** – Витрификација на јајце клетки: Прва ИВФ Клиника во Грција

**2010** – Пациенти од странство

**2011** – Раѓање на првото дете од криопрезервирани јајце клетки во Грција; Избор на сперматозоиди со методата IMSI.

**2012** – Првата ИВФ Клиника со Time Lapse технологија (Embryoscope) во Грција

**2013** – Основање на Embryolab Academy

2004-2008

2009-2013

# Еден свет што создава **иднина**

## Иновации & Развој

**2014** – Дигитализација на нашите услуги

**2015** – Опрема со ултразвучни апарати 4D технологија

**2016** – Акредитација EN 15224: Прва ИВФ Клиника во Грција

**2017** – Проширување на Клиниката со нови супермодерни простории, 2500 м²

**2018** – Иновативна истражувачка програма Spermogene за машка фертилност

**2019** – My Embryolab: мобилна апликација; Примена на Вештачка Интелигенција при изборот на ембриони

**2020** – Embryolab Connect: интернет платформа за комуникација

**2022** – Раѓање на првото дете со (AI) вештачка интелигенција– Прва ИВФ Клиника во Грција

**2023** – AI Систем за мониторирање на лабораториските услови

**2024** – Обновување на нашите ИВФ лаборатории со Embryoscope & AI 6-та генерација

2014-2018

2019-2024

# Еден свет што создава живот

Нашите иновативни услуги, напредните техники, ефикасните третмани и специјализираната техничка опрема, во комбинација со одличното клиничко и ИВФ лабораториско искуство, резултираат со импресивни бројки!

**20**
години

**102**
научници

**60.000+**
IVF циклуси

**82**
држави

**12.785**
Родени деца

**79.4%**
Процент на оплодувања

**80.85%**
Процент на бластоцисти
по оплодена јајце клетка

**71.7%**
Процент на позитивни тестови за бременост
со хетерологни ембриони

**99.5%**
Процент на преживување на ембрионите
после витрификација

**100%**
Процент на пронаоѓање сперматозоиди
после биопсија на тестиси кај мажи со опструктивна азооспермија (ОА)

## Еден
## специјализиран свет

Таму каде што надежта
се среќава со науката.

Во Embryolab, нашиот специјализиран
тим  има една заедничка визија: да го
оствариме сонот на секое семејство!



## Еден свет
## на грижа



Грижа и посветеност. Се гледаат
на нашето лице, од насмевката,
извираат од нашето срце.



На Клиниката Embryolab ве очекува тим специјалисти од областа на асистираната репродукција. Луѓе кои се грижат за вас, вашите потреби и ви нудат индивидуален пристап и грижа, на секој можен начин.

За нас, грижата не е само дел од нашата работа. Од првата средба до завршувањето на третманот, нашиот тим е тука за вас. Со достапни, специјализирани услуги што се прилагодуваат на секоја ваша потреба.



# Еден свет на наука и знаења



## Третмани за оплодување & IVF опции

Специјалистите за вештачко оплодување во Embryolab, со научна извонредност, страст и посветеност, ги нудат сите услуги и опции за асистирана репродукција на сеопфатен и најсовремен начин.

**Откријте ги сите наши услуги**

### Репродуктивен скрининг

Репродуктивен скрининг или тестирање на потенцијалот за оплодување е првиот и основен чекор за согледување на факторите кои влијаат на вашето репродуктивно здравје. Прецизно ја проценуваме вашата репродуктивна состојба, испитуваме генетски и имунолошки фактори, идентификуваме потенцијални проблеми и креираме соодветен и оптимален план за вас.

### Третмани за оплодување

Нудиме широк спектар на третмани за оплодување, како што се вонтелесно оплодувањето (IVF) и зачувување на плодноста со замрзнување на репродуктивниот материјал познато како криопрезервација на јајце клетки и сперматозоиди. Применуваме индивидуално прилагодени протоколи, користејќи најсофистицирани технологии за да обезбедиме висок процент на успех.

### ИВФ Лабораториски техники

Нашата ИВФ лабораторија е водечка сила за асистираната репродукција. Со најсовремената опрема, како што се Embryoscope и технологијата Timelapse, внимателно ги следиме и избираме најквалитетните ембриони. Дополнително, со помош на (AI) вештачката интелигенција и преимплантационата генетска дијагностика (PGT), обезбедуваме квалитет и сигурност на секој чекор, создавајќи идеални услови за развој на ембрионите.

### Репродуктивна грижа

Грижата во Embryolab не се состои само од медицинска поддршка. Услугите кои ги нудиме вклучуваат емоционална поддршка, советување за справување со стресот и нутритивни препораки кои го подобруваат здравјето и репродуктивноста. Нашата цел е да ги поддржиме сите парови, нудејќи им едно искуство со комплетна поддршка и нега.

# Еден иновативен свет

Во Embryolab, иновацијата не е само цел. Таа е нашето секојдневие. Користејќи ја најсовремената технологија, создаваме  една нова реалност во областа на асистираната репродукција. Со вистинска комуникација во реално време, ве поддржуваме на секој чекор, без разлика на оддалеченоста.

Од следење на развојот на ембрионите до споделување на индивидуални информации преку апликации, вие сте секогаш во центарот на постапката.






# Еден свет подготвен да го истражите

## Embryoscope

Го следиме развојот на вашите ембриони во секој момент, со помош на  технологијата Timelapse, обезбедувајќи ги најдобрите можни опции за успех на вашиот третман.

## Вештачка интелигенција (AI)

Применуваме вештачка интелигенција за анализа и избор на најдобрите ембриони, со прецизност и ефективност која ги зголемува шансите за успех.

## Одржлив IVF

Посветени сме на имплементирање пријателски практики кон природата со еколошки активности, намалување на нашиот придонес во загадувањето на околината, со применување на одржливи решенија во секоја фаза од третманите.

## My Embryolab Апликација

Апликација која нѐ поврзува, без разлика каде се наоѓате. Преку апликацијата, имате пристап до известувања, резултати, програми и поддршка 24/7..

## Најсовремена технологија

Од управување со генетскиот материјал до следењето на секој стадиум од третманот, ве уверуваме дека најсовремените решенија се достапни за вас.

# Еден плоден **свет**

Нашата цел е ефективно да ги задоволиме вашите потреби, користејќи ја науката и најновите достигнувања во областа на асистираната репродукција, за да ги обезбедиме најдобрите перспективи за вашата иднина. Споделуваме една заедничка визија со секој од вас.

И преку вашите успеси ја создаваме следната генерација на Грција и на целиот свет.






**Нашата мисија, Вие, Вашата репродуктивност, семејството за кое што сонувате!**

**Ние сме Embryolab, со вас заедно во борбата до остварување на целта.**

embryolab.eu

vr.embryolab.eu

uk.trustpilot.com/
review/embryolab.eu

Закажете
термин